ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за 2022 година

Институт за човекови права

Институт за човекови права

СОДРЖИНА

Вовед **3**

Активности на Институтот за човекови права **4**

Институтот низ бројки **4**

Академија за човекови права **5**

Платформа за човекови права **6**

Бесплатна правна помош **7**

Правен дијалог **8**

Придонес на Институтот за човекови права **9**

Маргарита Цаца Николовска одликувана со високото француско признание Витез на легијата на честа **13**

Проекти кои се спроведуваа во 2022 година **14**

Пристапот заснован на човекови права за време на Ковид-19 кризата 14

Заштита од дискриминација, булинг и говор на омраза 14

За правда – Следење на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудството 2022 16

Следење на националните активности во борбата против корупцијата 16

Зголемена транспарентност и отчетност на Советот на јавни обвинители 18

Пристап до правда за сите 19

Управен одбор и Претседател на Институт за човекови права **21**

Советодавен одбор на Институт за човекови права **21**

Извршна канцеларија на Институт за човекови права **22**

ВОВЕД

Институтот за човекови права е здружение на граѓани кое преку својата работа се залага за промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи. Своите определби ИЧП ги остварува преку континуирана едукација, анализа и истражување на состојбите, застапување и организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност.

Во 2022 година Институтот за човекови права успешно ги реализираше проектните активности во постојана комуникација со Управниот одбор. Стратешките приоритети и понатаму беа ориентирани кон правосудството и човековите права, правната сигурност, промоција на човековите слободи и права, еднаквост и недискриминација, борба против корупција и учество во процесот на преговори за пристапување кон Европската Унија. Следењето на работата на Уставниот суд, Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Државната комисија за спречување на корупција и други државни институции и понатаму беше во фокусот на работа на Институтот за човекови права.

Во рамките на своите стратешки определби и верувања ИЧП работи во неколку клучни сегменти:

- ги следи состојбите во однос на уживањето на човековите права и слободи преку набљудување и анализа на сите релевантни процеси во земјава;
- ја подига свеста помеѓу релевантните институции, организации и останати чинители за неопходноста за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи и
- ги информира граѓаните за нивните права во случаи кои се однесуваат на дискриминација;
- иницира дискусии за релевантните прашања и проблеми кои директно задираат во уживањето на основните права и слободи на човекот и граѓаните во РСМ, како во стручната така и во општата јавност.

Овој годишен извештај се однесува на работата на Институтот за човекови права кој во текот на изминатата година неуморно делуваше кон подобрување на состојбата на човековите права, промовирање на еднаквост и недискриминација, препознавање на корупцијата и приказ на транспарентноста и отчетноста на државните институции и органи чија работа Институтот за човекови права континуирано ја мониторира. Овој извештај има за цел да го презентира целокупното дејствување на Институтот за човекови права преку реализација на активности во секој поединечен проект, овозможување на бесплатна правна помош, придонесот на Институтот во промоција на науката преку објавување на стручното списание Правен дијалог, објавување на едукативни курсеви на ИЧП Академијата за е-учење, промоција на активности кои се објавуваат на Платформата за човекови права и научниот и практичен придонес на Институтот преку учество во работни групи и координативни тела на теми поврзани со човековите права.

АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во 2022 година, претставници од Управниот одбор и Извршната канцеларија на Институтот за човекови права зедоа активно учество преку гостувања во емисии, учество на работилници, работни групи, тркалезни маси, обуки и конференции на теми кои се поврзани со владеење на правото и човековите права како и теми кои претставуваат дел од стратешките приоритети на Институтот. Дополнително, беа одржани научни предавања на теми поврзани со човековите права и презентирање на активностите кои ги спроведува Институтот за човекови права, промоција на Академијата и Платформата за човекови права.

Во изминатава година, преку различни гостувања и учество на настани и конференции беа промовирани и активностите реализирани во проектите на теми поврзани со пристап до правда, спречување на дискриминација, булинг и говор на омраза, детектирање на корупција и коруптивни практики, следење на седниците на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители како и реализација на мерките во рамките на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година.

ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ

13 Публикации

9 Мониторинг Извештаи

6 Курсеви на ИЧП Академија

7 Работилници, Обуки и Фокус Групи

1 Прифатена Иницијатива за Законски Измени | Уставен Суд

20 Одржани Состаноци со Државни Дниституции

1 Учество во Работна Група за Измена на Закони

3 Склучени Меморандуми за Соработка

2 Објавени Изданија на Правен Дијалог

3 Конференции во Живо

1 Хибридни Конференции

7 Видеа

17 Инфографици

АКАДЕМИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Концептот за создавање на Академијата за човекови права произлегува од визијата на Институтот за човекови права за едукација со цел унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи едукацијата е клучна за обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права, на Академијата се достапни бесплатни курсеви на различни теми кои ќе им помогнат на регистрираните корисници да ги збогатат своите знаења од областа на човековите права.

Академијата за човекови права е алатка која има за цел на безбеден и едноставен начин да ги едуцира своите корисници за различни проблематики од областа на човековите права. Секој курс кој е достапен на Академијата е поделен во одреден број на поглавја и лекции во рамки на поглавјето, по чие завршување корисникот одговара на прашања за да може да премине кон наредното поглавје. На овој начин корисниците освен што ќе се здобијат со одредени знаења, имаат шанса истите да ги проверат и утврдат преку прашања на крајот од секое поглавје.

Во 2022 година, ИЧП Академијата го продолжи својот трасиран пат во објавување на курсеви кои се однесуваат на заштита на човековите права и кои обработуваат теми кои се интересни и за кои во секое време постои потреба од едукација и дообјаснување на соодветната проблематика.

Во 2022 година, на ИЧП Академијата беа објавени следниве курсеви:

- Курсот за родова еднаквост е подготвен во рамките на оперативниот грант „Пристап до правда за сите“ финансиски поддржан од Европската Унија. Овој курс е составен од 2 поглавја во кој корисниците се запознаваат со основните поими поврзани со родово-базирано насилство, различните форми на родово-базирано насилство, зошто жените се поподложни на родово-базирано насилство и кои групи на жени се поподложни на овој тип на насилство. Дополнително, преку овој курс корисникот ќе се запознае со законските рамки за заштита од овој тип на насилство низ меѓународната и националната правна рамка, со кои ќе знае каде и за што може да пријави родово-базирано насилство.

- Курсот за интегрирање еднаквост во програми и политики се состои од 3 поглавја. Курсот е подготвен е подготвен во рамките на програмата „Пристап до правда за сите” финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА програмата за граѓанско општество и медиуми 2020 – Оперативна поддршка за граѓански организации во Република Северна Македонија. Овој курс е наменет за оние кои сакаат да се едуцираат на темата еднаквост и недискриминација во рамки на процесот на креирање политики. Преку курсов ќе се стекнат со теоретски и практични знаења поврзани со: Потенцијалните општествени промени и подобрувања што настануваат како резултат на унапредувањето на еднаквоста; Интерсекциската дискриминација, нејзиното значење, правната регулација, како во државата, така и во поширок контекст, и со насоките за препознавање на ваков вид дискриминација Директни насоки и практични примери за вклучување на еднаквоста во политиките и програмите преку циклусот за креирање политики составен од четири фази и многу друго.

- Курсот за правото на приватност е подготвен во рамките на оперативниот грант „Пристап до правда за сите“, финансиски поддржан од Европската Унија. Личните податоци можат да бидат искористени за цели за кои секогаш не сме свесни ниту пак согласни. Напредокот на технологијата нуди и нови, современи, но и инвазивни методи на надгледување поради што заштитата на правото на приватност станува се позначајна и актуелна.

- Курсот Основи за борба против корупција во Република Северна Македонија е наменет за оние кои имаат интерес да се запознаат со правната рамка за борба против корупција во РСМ, со главните меѓународни и европски правни инструменти и механизми за борба против корупција. Исто така, курсот овозможува и преглед на институциите кај кои може да се пријават случаи на корупција и нивната надлежност, како и практични примери за препознавање на корупцијата. Курсот може да биде од посебен бенефит за правници, адвокати, студенти по право, новинарство и граѓански активисти, независно дали истите членуваат во граѓанските организации или делуваат самостојно.

До моментот на подготовка на овој извештај, на Академијата за човекови права се имаат регистрирано 1016 корисници. Во споредба со минатата 2021 година, во оваа година бележиме тренд на зголемување на бројката на нови корисници, односно 195 лица кои креирале свој профил на Академијата. Во однос на издадени сертификати, бројката е двојно зголемена во однос на минатата 2021 година и истата изнесува 1750 издадені сертификат во споредба со 868 сертификати издадени во 2021 година.

ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Платформата за човекови права има сеопфатен пристап кон човекови права, односно ги содржи сите информации за начинот на кој може да се заштитат човековите права. Платформата за човекови права е поделена во 6 сегменти, секој содржи различен вид на информации кои му му се од корист на посетителот на веб страната на Институтот за човекови права.

Првиот сегмент на Платформата е наречен **Човековите права и нивната заштита.** Во овој дел се достапни информации за тоа на кој начин може да се заштитат човековите права и каде може да се пријави нивно прекршување, кои се органите кои ги штитат човековите права на национално и на меѓународно ниво, релевантните закон и меѓународни документи.

Вториот сегмент се фокусира на **Пристапот заснован на човекови права,** односно што опфаќа тој, стандардите и принципите на кој е базира, основните карактеристики кои се однесуваат на него како и вредностите кои ги додава тој во развојните концепти и процеси.

Онлајн обуките го сочинуваат третиот сегмент на Платформата за човекови права, односно тоа е листа на тела и платформи кои на посетителите на веб страната им овозможуваат да пристапат до разновидни обуки поврзани со човековите права. Колку ги познаваш твоите права е **квизот** во рамки на Платформата за човекови права. Тој е наменет за сите оние сакаат да ги тестираат своите познавања од областа на човековите права.

Можеби еден од најважните сегменти на Платформата е **Блогот** кој има за цел да им даде простор на разни автори да го искажат своето мислење на актуелни теми поврзани со човековите права.

Последниот сегмент на Платформата се **Документите** каде што може да се пронајдат мноштво на извештаи, прирачници и водичи кои ја тангираат состојбата со човековите права во Република Северна Македонија.

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во 2022 година, Институтот за човекови права како регистрирано здружение за давање на примарна правна помош продолжи со давање на примарна правна помош на сите заинтересирани граѓани.

Согласно Законот за бесплатна правна помош, Институтот за човекови права како овластено здружение обезбедува примарна правна помош која се состои во:

- иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство,

- составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во 2022 година вкупно 45 лица побараа примарна правна помош од Институтот за човекови права при што 19 лица добија општа правна информација, додека пак на 26 лица им беше даден општ правен совет. Воедно, до подрачните единици на Министерството за правда беа поднесени 2 барања за секундарна правна помош од страна на лица кои пристапија во Институтот и побараа помош во комплетирање на барањата за секундарна правна помош со цел поведување на судски постапки пред надлежни судови. Двете барања беа позитивно одобрени од страна на подрачните одделенија на Министерството за правда и на лицата им беа назначени адвокати за застапување во судски постапки.

Од анализа на пристигнатите барања за примарна правна помош, може да се констатира дека и понатаму преовладуваат барањата кои се упатени за остварување на права од социјална заштита (кои се условите за остварување на гарантирана минимална помош, детски додаток и сл) и работни односи (услови за престанок на работен однос, исплата на заостанати плати и сл) и имотни спорови.

Во изминатата година, до Институтот пристигнаа неколку барања кои се однесуваа на објаснување на постапката за извршување, прашања од областа на семејно и наследно право, регулирање на права кои произлегуваат од здравствено и пензиско осигурување како и постапката и роковите за поднесување на апликација (жалба) до Европскиот суд за човекови права.

Може да се констатира дека значително е намален бројот на лицата кои прашуваат што претставува бесплатна правна помош. Ова упатува на фактот дека луѓето веќе се запознаени со Законот за бесплатна правна помош, кампањите дополнително имаат успешно влијание во елаборирање на граѓаните што претставуваат примарната и секундарната права помош и на кој начин и каде можат да ги побараат.

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

Општествената функција на списанието „Правен дијалог” е да отвара теми, дијалози и нови пристапи со цел развивање, унапредување и размена на сознанија од правната мисла помеѓу теоретичарите и практичарите од областа на владеење на правото и човековите права, а тие да станат подостапни за поширокатa научна и стручна јавност. За таа цел во списанието се објавуваат:

1. Научни трудови кои ќе ги рефлектираат теоретските аспекти на теми поврзани со човековите права и владеење на правото кои се однесуваат на Република Северна Македонија, но и општо на останатите држави во Европа и пошироко и

2. Научни трудови кои ќе се осврнат на анализа од практичен аспект на конкретни пресуди на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Во 2022 година, стручното списание „Правен дијалог” ја имаше привилегијата да биде објавувано во рамките на оперативниот грант „Пристап до правда за сите” финансиран од Европската Унија. Идејата за инкорпорирање на Правен дијалог во рамките на овој грант поттикна од волјата за подигање на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права и иницирање дебата за подобрување на пристапот до правда за сите граѓани со особен фокус на маргинализираните групи на граѓани преку следење на релевантни институции со помош на анализа базирана на докази. На овој начин, се создава можност за сите правни практичари и теоретичари да истражуваат и пишуваат на теми кои се поврзани со владеење на правото и почитување на човековите права.

Во 2022 година беше направена промена на дел од членовите во Редакцискиот одбор на Правен дијалог кој што брои 5 члена и тоа:

- Манчо Митевски – Главен и одговорен уредник
- Весна Стефановска – Заменик на главниот и одговорен уредник
- Мерсел Биљали – член
- Славица Димитриевска - член
- Ангелина Станојоска – член

Целта на Редакцискиот одбор е во секое издание да преовладуваат различни теми напишани од широк профил на експерти во своите области чии трудови ќе иницираат дијалог и размена на мислења. Особено добредојдени се трудови од студенти на мастер и докторски студии кои имаат желба да истражуваат и да подготват свој труд на тема поврзана со човековите права и владеење на правото..

Во 2022 година беа објавени две изданија на списанието „Правен дијалог" и тоа број 25 во јуни и број 26 во декември. Овие две изданија, како и претходните ја продолжуваат традицијата на списанието да биде препознатливо по шареноликоста на темите, сегментите кои ги анализираат човековите права и владеењето на правото обезбедено и гарантирано од институциите на државата. Објавените трудови се напишани од актуелни и поранешни судии на Уставен суд и Врховен суд, професори, доценти, постдипломци, докторанди како и експерти од граѓанските организации. За прв пат во декемвриското издание на Правен дијалог беше објавен труд од автори од Република Српска напишан на англиски јазик и преведен на македонски. Со тоа се исполнува и визијата на Редакцискиот одбор, во списанието покрај на македонски да се објавуваат трудови на англиски и албански јазик. Во двете изданија на Правен дијалог за 2022 година беа објавени 13 трудови подготвени од 15 автори (коавтори).

ПРИДОНЕС НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

*** Одлука по поднесена иницијатива У.бр.289/2020 пред Уставен суд**

На 01 декември 2022 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучуваше по поднесена иницијатива на Институтот за човекови права и донесе одлука со која го укина член 44 став 2 во делот: „најдоцна до 65 годишна возраст" од Законот за социјална заштита и го стави вон сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на членот од Законот.

Имено, Институтот за човекови права во 2020 година до Уставниот суд поднесе иницијатива преку полномошник адвокат Игор Спировски со која ја оспори одредбата од член 44 став 2 во делот „најдоцна до 65-годишна возраст" од Законот за социјална заштита бидејќи создава разлики помеѓу граѓаните по основ на возраст и предизвикува нееднакви можности од пристап до првата од сферата на социјална заштита, конкретно правото на паричен надоместок заради попреченост, а со тоа и нееднакви можности во поглед на користење на самиот надоместок, независно од тоа што и едните и другите се наоѓале во иста ситуација на попреченост од член 44 став 1 од Законот, поради која тој надоместок се обезбедувал, било таа попреченост да настапила пред 65-годишна возраст или по навршување на 65-годишна возраст.

Уставниот суд одлучи да поведе постапка за оценување на уставноста на делот од членот од Законот, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот. Ова од причина што од содржината на оспореното законско решение, произлегува дека својство на баратели во постапка за остварување на право на паричниот надоместок заради

попреченост, можат да имаат само лицата помлади од 65 години, а со тоа и можност да го користат, а поврзано со ова, својство на барателите, не можат да имаат лицата по навршени 65 години возраст, со што лицата по 65 години возраст однапред се исклучени од пристапот до самото право на надоместокот, следствено и од можноста да го користат надоместокот, независно од тоа дали по оваа возраст се нашле во состојба на попреченост. Следствено, возраста е ограничувачкиот услов за пристапот до правото на паричниот надоместок заради попреченост, а со тоа и ограничувачки услов за неговото користење. Токму од таа причина, Уставниот суд утврдил дека оспорената одредба е спротивна на Уставот, дискриминаторска и не ги следи принципите на еднаков и рамноправен третман на граѓаните.

* Подготовка и реализација на обуки на теми поврзани со недискриминација и еднаквост

Претставници на Извршната канцеларија на Институтот за човекови права од страна на Центарот за управување со промени беа ангажирани да подготват и спроведат обуки за потребите на проектот „Зајакнување на владеење на правото и човековите права во Северна Македонија II" поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје како поддршка на работата на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика за градење на култура и капацитетите на администрацијата за промовирање на принципите на еднаквост, недискриминација и прифаќање на различностите во јавниот сектор и пошироко во општеството.

За потребите на горенаведениот проект беа подготвени и реализирани: 4 тридневни обуки на тема „Принцип на недискриминација" и 3 дводневни обуки на тема „ Спроведување на должноста на еднаквоста во јавниот сектор".

* Спроведување на истражување и подготовка на анализа поврзана со избирачко право на лицата со попреченост

Претседателката на Институтот за човекови права заедно со претставници од Извршната канцеларија на Институтот, за потребите на Меѓународната фондација за изборни системи (IFES – International Foundation for Electoral Systems) во рамките на Програмата за поддршка на изборни активности во Македонија спроведоа истражување и подготвија анализа на тема „Етика и интегритет на изборниот процес за лицата со попреченост".

Анализата го обработува правото на политичкото учество на лицата со попреченост и нивното директно учество во носењето одлуки и политики е директно поврзано со уживање на избирачкото право, недискриминацијата и други човекови права**.** Исклученоста од изборниот процес значи дека интересите на исклучената група не се слушнати и не се постапува по нив. Без право и можност да се учествува како гласач и кандидат, лицата со попреченост се во ризик да бидат и понатаму маргинализирани во општеството. Анализата дава осврт на релевантната национална правна рамка која треба да биде во согласност со меѓународните конвенции за политичко учество на лицата со попреченост од можноста да се кандидираат, да учествуваат во изборни органи, да бидат активни во политички партии па се до искористување на правото на глас и можноста за искористување на ефективен правен лек доколку нивните права бидат прекршени.

* Пресуда на Европскиот суд за човекови права против Северна Македонија за сегрегација на ученици Роми

Европскиот суд за човекови права донесе важна пресуда во случајот Елмазова и други против Северна Македонија (апликации 11811/20 и 13550/20) во која утврди дека две основни училишта, „Ѓорѓи Сугарев" во Битола и „Гоце Делчев" во Штип, го повредиле правото на децата на недискриминација (член 14) во врска со нивното право на образование (член 2 од Протоколот бр. 1). Оваа пресуда е донесена по неколку годишна заложба на Европскиот центар за правата на Ромите за решавање на проблемот со сегрегација во овие две општини и овозможување на квалитетно образование на Ромските деца кои живеат во овие населби.

Пресудата се заснова и на истражувањето кое Институтот за човекови права го спроведе во 2016 година во соработка со ЕРРЦ и со кое беше утврдена сегрегација на ученици Роми во двете училишта во Битола и Штип.

******

Во 2022 година, Институтот за човекови права активно учествуваше и даде свој придонес во работни групи и координативни тела на различни теми поврзани со човековите права и тоа:

*** Национално координативно тело за бесплатна правна помош**

Во 2022 година, Националното координативно тело одржа три состаноци на кои беа дискутирани предизвиците поврзани со имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош, изводливоста за воспоставување едно тело за менаџирање на системот за бесплатна правна помош во Република Северна Македонија; презентирање на анализата за спроведување на Законот за бесплатна правна помош и потребата од негова измена, вклучувајќи и дискусија за идентификување на законските одредби во Законот за бесплатна правна помош коишто предизвикуваат проблеми кога се спроведуваат во пракса, идентификување на правните недостатоци, потенцијалните предизвици кои бараат законска интервенција. Овие состаноци беа организирани со поддршка на Советот на Европа во рамките на Проектот за „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија, кој што е дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција I", заеднички проект на ЕУ и Совет на Европа кој го спроведува Советот на Европа. Институтот за човекови права преку своите претставници ги сподели предизвиците поврзани со обезбедување на примарна правна помош во пракса како и дилемите поврзани со пополнување на барања за секундарна правна помош.

*** Национално координативно тело за недискриминација**

Институтот за човекови права преку свои претставници учествува во состаноците организирани од страна на Националното координативно тело за недискриминација чија цел е да ги следи состојбите со недискриминација и реализација на закони, подзаконски акти и стратешки документи. Ова тело постои со цел координација и следење на состојбите со недискриминација е пред сè заради подигнување на транспарентноста во работењето на државните институции во оваа област, координација на активностите меѓу институциите и организациите (здруженија на граѓани и меѓународни организации), заедничко воспоставување на приоритети на годишно ниво во оваа област врз основа на меѓународни и други извештаи и анализи, како и континуирано следење на состојбите во оваа област и заедничко предлагање на мерки за подобрување на состојбите.

*** Членство во Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата**

Институтот за човекови права е член на Платформата цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ги почитува, промовира и застапува принципите на доброто владеење. Платформата ги поврзува граѓанските организации и е отворено место за соработка, вмрежување и демократска дебата со цел зајакнување на улогата на граѓанските организации во борбата против корупцијата во Република Македонија. Во септември 2022 година претставник на Институтот за човекови права учествуваше на Годишното собрание на Платформата на кое се дискутираа следните чекори кои треба да се преземат од страна на членките во борбата против корупција, интензивирање на меѓусебната соработка и други прашања кои се однесуваат на заедничко делување.

*** Членство во Блупринт групата за реформи во правосудството**

Блупринт групата за реформи во правосудството е неформална мрежа на граѓански организации кои во изминативе години работат и делуваат во областа на правосудството. Институтот за човекови права заедно со Институтот за европска политика, Коалиција за правично судење, Македонско здружение на млади правници, Центарот за правни истражувања и анализи, Хел-

синшкиот комитет за човекови права и Фондација Отворено општество-Македонија во рамките на своето делување во текот на 2022 година, меѓу другото, излегоа со реакции и своите видувања за повеќе актуелни настани, случувања или изјави кои се однесуваа на отстапувања на начелата на владеење на правото.

* Членство во Советот за отворено судство

Советот за отворено судство е советодавно тело на судовите и правосудните органи, за координација и следење на развојот и спроведувањето на акциските планови , со клучна советодавна и одлучувачка улога во сите фази на процесот на отворено судство, низ циклусот на планирање, во развојот на акциските планови и во нивното спроведување, следење и известувањето. Советот е формиран за да ја поттикне транспарентноста и отвореноста на работата на судовите и правосудните институции и да се поттикне учеството на граѓанското општество во спроведувањето и следењето на иницијативата Отворено судство во Република Северна Македонија, да се обезбеди меѓу секторска соработка и да се воспостават јасни, структурирани и трајни механизми за постојан дијалог меѓу судската власт и граѓанското општество; да се зголеми учеството на граѓанското општество во подготовката на акциските планови за отворено судство и за поддршка, поттикнување и следење на спроведување на тековниот акциски план. Во 2022 година беа одржани два состаноци на Советот на кои меѓу останатите тековни активности, беше усвоен и Акцискиот план.

* Членство во Управен одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија реализиран од Совет на Европа и Европска Унија

Институтот за човекови права е дел од Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија, проект на Совет на Европа и Европската Унија. Целта на проектот е да се зајакне капацитетот на националните и локални чинители подобро да ги адресираат прашањата поврзани со анти-дискриминација, борба против говор на омраза и заштита на правата на ЛГБТИ лицата во согласност со стандардите и препораките поставени од Совет на Европа. Главна цел на Управниот одбор е да ја следи имплементацијата на проектот како и да дава насоки за спроведување на активностите. Претставници од Институтот за човекови права присуствуваа на состаноците на Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија кои беа одржани во 2022 година.

* Работна група за Законот за заштита од вознемирување на работно место (мобинг)

Членови на Управниот одбор и на Извршната канцеларија на Институтот за човекови права активно учествуваа во работната група за подготовка на новиот Закон за заштита од вознемирување на работното место со цел врз основа на претходниот текст на законот да се изврши усогласување со регулативите на Европската Унија, да се отстранат или преформулираат одредби кои не можеа да се спроведат во пракса како и да се изврши усогласување на новиот текст на законот со другите закони како што се Законот за работни односи, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за прекршоци. Состаноците на работната група продолжија и во 2022 година со цел да се финализира предлог-Законот. Оваа работна група беше иницирана од страна на Министерството за труд и социјална политика и во неа учествуваат претставници од граѓански организации, Сојузот на синдикати на РСМ и други засегнати организации и државни органи.

* Учество на тркалезни маси организирани од Државната комисија за спречување на корупција

Претставници на Извршната канцеларија на Институтот за човекови права во периодот од 07-11 март 2022 година учествуваа на тркалезни маси организирани од Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) по одделни сектори од Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025 година на кои се разгледуваа извештаите доставени од страна на надлежни институции и нивната евалуација од страна на ДКСК. Претставници на

Институтот за човекови права учествуваа на следниве тркалезни маси поделени по сектори и тоа: Правосудство, Економија и бизнис, Јавни набавки и Вработување.

*** Учество на состаноци организирани од Министерството за правда во врска со овозможување на бесплатна правна помош**

Во 2022 година, Институтот за човекови права како овластено и регистрирано здружение за давање на примарна правна помош учествуваше на два работни состаноци одржани со претставници од Министерство за правда – Одделение за бесплатна правна помош на кои се дискутираше за имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош, како и потребата од одржување на обуки за давателите на примарна правна помош во одредени сегменти. Од страна на претставници на Министерството за правда – Одделение за бесплатна правна помош беа упатени пофалби за ажурноста во доставување на месечните извештаи за дадена примарна правна помош, нивен детален приказ со наведување на правниот проблем и како совет или информација се дадени.

МАРГАРИТА ЦАЦА НИКОЛОВСКА ОДЛИКУВАНА СО ВИСОКОТО ФРАНЦУСКО ПРИЗНАНИЕ ВИТЕЗ НА ЛЕГИЈАТА НА ЧЕСТА



Орденот, во името на претседателот на Република Франција, Емануел Макрон, го врачи амбасадорот, Н.Е. Сирил Бомгартнер.

На 18 ноември 2022 година, на свечена церемонија во резиденцијата на амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија, амбасадорот, Неговата екселенција Сирил Бомгартнер, на претседателка на Институтот за човекови права, Маргарита Цаца Николовска и го врачи високото француско признание, Витез на Легијата на честа, што и го додели претседателот на француската Република, Емануел Макрон.

Во своето обраќање, Н.Е амбасадорот Бомгартнер нагласи дека претседателката на Институтот за човекови права е еден од оние витези кои Република Франција сака да ги награди доделувајќи го највисокото одликување на Француската Република притоа имајќи ја предвид богатата кариера како судија во Европскиот суд за човекови права, меѓународен судија во Уставниот суд на Босна и Херцеговина, а потоа и како активист и основач на Институтот за човекови права.

Во своето обраќање, Маргарита Цаца Николовска се заблагодари на високото признание доделено од претседателот на Република Франција, г. Макрон. Во исто време потенцираше дека нејзините активности на полето на човековите права и владеење на правото ќе продолжат во иста насока, меѓу другото, со цел да се исполнат условите за влез на Република Северна Македонија во Европската Унија.

ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2022 ГОДИНА

ПРИМЕНА НА ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19 КРИЗАТА

Времетраење на проектот: 01.04.2021-31.03.2022 година

Финансиран од Балканскиот Труст за демократија, проект на Германскиот Маршалов Фонд на САД и УСАИД

Проектот „Примена на пристапот заснован на човекови права за време на Ковид-19 кризата" има за цел преку примена на пристапот заснован на човекови права при реализирање на здравствените политики да придонесе кон заштита на основните човекови права поврзани со здравствената криза како што се: слободата на движење, правото на образование, право на пристап до информации, забрана за дискриминација и слично.

Во изминатите 3 месеци до крајот од реализација на проектот беа спроведени сите проектни активности. Во јануари 2022 година беше промовирано видео кое ја дефинира улогата на пристапот заснован на човекови права за време на здравствена криза.

Во март 2022 година беше објавен Вториот мониторинг извештај за примена на пристапот заснован на човекови права и рестрикциите кои произлегуваат од Ковид-19 кризата. Извештајот се однесува за периодот септември 2021-Февруари 2022 година и во својот фокус ги има правото на здравје и здравствена заштита и правото на образование. Слободата на движење не е опфатена во овој извештај затоа што во наведениов период не се определени мерки кои ја ограничуваат слободата на движење. Извештајот потенцира дека здравствените политики што се применуваат за време на актуелнава пандемија предизвикана од Ковид-19, потребно е да бидат сразмерни, оправдани и донесени врз основа на претходни истражувања и подготвени стратегии. Со цел сликовито презентирање на наодите од овој мониторинг извештај, беше изготвен и инфографик.

Во март 2022 година беше подготвен и објавен документот за јавни политики „Значењето на пристапот заснован на човекови права за одговорот на здравствената криза предизвикана од Ковид-19 во Република Северна Македонија". Целта на овој документ за јавни политики е да го анализира одговорот на Владата на РСМ (стратегиите, одлуките и целосниот пристап на институциите) на здравствената криза, како и последиците од истиот кои настанаа врз маргинализираните граѓани, и со тоа да укаже зошто принципот заснован на човекови права е најефективното решение за креирање на инклузивни јавни политики, особено во време на криза. Документот се однесува на периодот од 2020 и 2021 година, и ќе даде заклучоци и препораки, со цел да се подобрат владините мерки во иднина, а рестрикциите да обезбедат добра основа за почитување на човековите права на сите граѓани, особено на оние кои припаѓаат на ранливите групи. Со цел сликовито презентирање на наодите од овој документ, беше изготвен и инфографик.

На 24 март 2022 година се одржа Завршна (хибридна) конференција на ZOOM платформата на која беа презентирани реализираните проектни активности и подготвени продукти.

ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, БУЛИНГ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Времетраење на проектот: 15.05.2021 – 15.05.2022

Финансиран од Германската амбасада во Скопје

Целта на проектот е да ја потенцира важноста во однос на спречување и заштита од дискриминација (со посебен фокус на следниве основи: сексуална ориентација, родов идентитет, социјална и родова нееднаквост), говор на омраза и „булинг" – врсничко насилство меѓу средношколците.

Специфични цели во рамките на проектот се следниве:

1. да се подигне свеста меѓу учениците и професорите за дискриминацијата (со посебен фокус на сексуалната ориентација, родовиот идентитет, социјалната и родова нееднаквост), говорот на омраза и булингот како и истите да се сузбијат преку инклузивен процес меѓу учениците;

2. да се зголеми знаењето на професорите, педагозите и учениците со цел спречување и заштита од дискриминација, булинг и говор на омраза како и да се потенцира значењето за почитување на човековите права и промовирање на толерантност и прифатливост и

3. да се поддржат државните институции во креирање на одржливи мерки за адресирање на дискриминацијата, булингот и говорот на омраза со цел придонесување кон потолерантен и инклузивен образовен процес во средните училишта.

Во јануари 2022 година беше објавено видео кое што појаснува што претставуваат дискриминација, булинг и говор на омраза. Истиот месец беше објавен и Вториот мониторинг извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) како и инфографик кој сликовито ги прикажува наодите од мониторинг извештајот.

Во февруари 2022 година беа презентирани Резултати од истражување -влијанието на социјалните и мас медиумите во креирањето на јавното мислење. Податоците од ова истражување се добиени преку дескриптивно емпириско истражување, со примена на доминантно квалитативна анализа. Основна цел на истражувањето е оценатa на влијанието на медиумите во креирањето на јавното мислење кај средношколците и можноста за градење стереотипи, дискриминација, врсничко вознемирување и говор на омраза. Со цел сликовито прикажување на резултатите од истражувањето беше подготвен и инфографик.

Во март 2022 година беа промовирани и објавени следниве визуелизации и видеа: Дефинирање на говор на омраза, булинг и дискриминација, Видео – што е дискриминација, Видео – што е говор на омраза, Инфографик: „булинг“, говор на омраза и дискриминација во средните училишта и Видео: истражување - говор на омраза, булинг и дискриминација, Инфографик: препораки за справување со „булинг“, говор на омраза и дискриминација во средните училишта

Во април 2022 година беа промовирани курсеви за дискриминација, врсничко насилство (булинг) и говор на омраза во училиштата и тоа еден курс наменет за наставници и за стручен кадар и еден курс наменет за ученици кои имаат за цел нивно воведување и запознавање со дискриминацијата, врсничкото насилство (булинг) и говорот на омраза во училиштата.

Во мај 2022 година беше подготвен и објавен Третиот мониторинг извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Извештајот се однесува за периодот јануари-март 2022 година и со цел сликовито прикажување на наодите, подготвен е и инфографик.

Во мај 2022 година беше подготвен и објавен документот за јавни политики: Врсничко насилство (булинг), дискриминација и говор на омраза меѓу средношколците. Документот нуди преглед на правната рамка во државава, како и на наодите од сеопфатното истражување на темите ‘врсничко насилство/ булинг, дискриминација и говор на омраза’, со фокус на ученици во средните училишта во Скопје. Дополнително, документов дава препораки за главните чинители и носители на одлуките во Северна Македонија, со цел да се покрене свеста за потреба од заштитни механизми за справување со врсничко насилство, дискриминација и говор на омраза меѓу учениците.

На 10.05.2022 година се одржа завршната конференција со цел презентирање на реализираните проектни активности и подготвени продукти.

ЗА ПРАВДА - СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО 2022

Времетраење: од 01.06.2022 до 31.12.2022 година.

Финансиран од Фондација Отворено Општество Македонија

Целта на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските организации во процесот на реформи во правосудството како предуслов за заштита на човековите права и обезбедување социјална правда.

Специфични цели во рамките на проектот се следниве:

1. Зајакнување на процесот на следење на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022) со фокус на нејзиното влијание врз заштитата на човековите права и обезбедувањето социјална правда, како и придонес во подготовката на идната Стратегијата за правосудниот сектор
2. Унапредување на партиципативно креирање политики во областа на правосудството со користење на меѓу-секторски пристап и соработка со тематски мрежи и други граѓански организации.
3. Зајакнување на активностите за застапување засновано на докази во областа на правосудството од страна на граѓанските организации
4. Во септември 2022 година подготвен е и објавен Вториот полугодишен мониторинг бриф во кој се содржани наодите од следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022. Со цел сликовито презентирање на наодите од мониторингот беше подготвен инфографик.

Во ноември 2022 година беше објавена Анализа: Сеопфатна оцена на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022). Анализата има цел да даде сеопфатна и независна оцена на овој процес и да понуди препораки врз основа на наодите, кои би можеле да се вметнат во следната Стратегија за реформа на правосудниот сектор.

Во периодот на имплементација на проектот, Булупринт групата излезе и со реакции во однос на актуелните состојби во правосудството и тоа:

- Реакција по употреба на насилство и говор на омраза на вчерашниот протест
- Недоволна транспарентност и пропусти при изборот на Основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
- Реакција по повод дискусијата на седницата на Советот на јавни обвинители во однос на јавно споделен став од Блупринт групата за изборот на Основен јавен обвинител на ОЈО ГОКК

СЛЕДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“

Времетраење: 16 август 2021 – 15 август 2022

Донатор на проектот: Амбасадата на САД во Скопје

Целта на овој проект е следење на имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Антикорупциска стратегија) преку исполнување на мерките на Владата на Република Северна Македонија и иницијативите кои се составен дел на планот на Владата во борбата против корупцијата насловен како „Акција 21”.

Во рамките на проектот се реализирани две специфични цели и тоа:

1. Да се процени успешноста и брзината на преземените чекори на Владата во борбата против корупцијата согласно Антикорупциската стратегија и Владиниот план „Акција 21" како и да се дадат заклучоци и препораки и

2. Да се подигне свеста и да се стекне знаење за важноста од преземање на активно учество во процесот на елиминација на корупцијата преку употреба на националните механизми и негативните последици од корупцијата меѓу поширокатa јавност.

Во јануари 2022 година, Институтот за човекови права потпиша Меморандум за соработка со Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК). Со овој меморандум за соработка се потврдува воспоставената успешна соработка и волја за понатамошен заеднички придонес во обезбедување и промовирање на човековите права, препознавање на коруптивни дејствија, спречување на корупцијата, детектирање на коруптивните практики, споделување на податоци и организирање на заеднички активности.

Во февруари 2022 година беше подготвен и објавен Првиот мониторинг извештај за исполнетоста на Планот за борба против корупција „Акција 21" и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за периодот од март до декември 2021 година со цел мерење на нивото на имплементација на овие документи и приказ на отворените прашања, празнини и недостатоци во спроведувањето на планираните чекори. Со цел сликовито презентирање на наодите од извештај, беше подготвен инфографик.

Во април 2022 година беше подготвен и објавен Вториот мониторинг извештај за исполнетоста на Планот за борба против корупција „Акција 21" и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за период од јануари до март 2022 година. Фокусот во овој извештај е ставен на резултатите од првата година (2021) од имплементацијата на Националната стратегија. Со цел сликовито презентирање на наодите од извештај, беше подготвен инфографик.

Во јули 2022 година беше објавено Видео – што е корупција.

Во јули 2022 година беше подготвен курсот Основи за борба против корупција во Република Северна Македонија (РСМ). Курсот е наменет за оние кои имаат интерес да се запознаат со правната рамка за борба против корупција во РСМ, со главните меѓународни и европски правни инструменти и механизми за борба против корупција. Исто така, курсот овозможува и преглед на институциите кај кои може да се пријават случаи на корупција и нивната надлежност, како и практични примери за препознавање на корупцијата.

Во август беше објавен Третиот мониторинг извештај за исполнетоста на „План за политики за добро владеење" кој се однесува на периодот од април до јуни 2022 година со цел мерење на нивото на имплементација на документот и приказ на отворените прашања, празнини и недостатоци во спроведувањето на планираните чекори. Со цел сликовито презентирање на наодите од извештај, беше подготвен инфографик.

Во август беше објавена Анализа на националните документи релевантни во борбата против корупцијата. Предмет на анализата е следењето на реализацијата на предложените мерки и преземените активности во борбата против корупцијата, предвидени во планот за борба против корупција на Владата „Акција 21" и Националната стратегија за превенција на корупцијата и судирот на интереси на Државната комисија за спречување корупција.

На 29.09.2022 се одржа Завршна конференција во рамките на проектот „Следење на националните активности во борбата против корупцијата" на која беа презентирани реализираните проектни активности и подготвени продукти.

ЗГОЛЕМЕНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Донатор на проектот: Француска амбасада во Скопје

Времетраење: 1 мај 2022 – 31 декември 2022

Целта на проектот е да се зголеми транспарентноста на Советот на јавни обвинители кон јавноста и да се подобри ефикасноста и отчетноста на институцијата преку давање на препораки.

Во рамките на проектот се реализирани две специфични цели и тоа:

1. да се зголеми транспарентноста и отчетноста на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и
2. да се иницира дебата за прашања и предизвици во правната рамка и во политиките како и да се најдат соодветни решенија за функционирање на Советот на јавни обвинители.

Во септември 2022 година беше објавен Тримесечниот извештај за работата на Советот на јавни обвинители кој го опфаќа периодот мај-јули 2022 година и произлегува од континуираното следење на седниците на Советот на јавни обвинители со цел зголемување на транспарентноста и подобрување на ефикасноста и отчетноста на институцијата.

Во ноември 2022 година беше одржана работилница на тема „Зголемување на транспарентноста на јавнообвинителскиот систем на Република Северна Македонија“ со претставници од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишото јавно обвинителство Скопје и Основно јавно обвинителство Скопје со цел развивање на комуникациски вештини заради поголема транспарентност на јавнообвинителскиот систем, а во насока на исполнување на препораките дадени во Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година и Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 година. На работилницата беа разгледани можностите за подобро развивање на комуникациски вештини со цел проактивно објавување на информации, отвореност и транспарентност во работата на јавнообвинителските институции.

Во декември 2022 година беше организирана експертска дебата на која присуствуваше амбасадорот на Република Франција, Н.Е. Сирил Бомгартнер, претставници од Советот на јавни обвинители, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишите јавни обвинителства Скопје, Штип и Гостивар, претставници од Основното јавно обвинителство Скопје, Министерство за правда, меѓународни и граѓански организации, адвокати и академска фела. Експертската дебата имаше за цел да иницира дискусија за предизвиците со кои се соочува јавнообвинителскиот систем како и потребата од евентуални измени на Законот за јавно обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители со цел подобро и поефикасно функционирање на јавнообвинителските институции, запознавање и доближување до јавноста со нивниот делокруг на дејствување.

Во декември 2022 година беше подготвен и објавен документ за јавни политики: Транспарентност, отчетност и ефективност на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија. Документот нуди преглед на законската рамка за транспарентност, отчетност и ефективност на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, преку анализа на Законот за Совет на јавни обвинители и Законот за јавно обвинителство. Документот за јавни политики се базира на претходно спроведени активности, како што се: континуирано следење на седниците на Советот на јавни обвинители; организирана работилница со цел развивање комуникациски вештини заради поголема транспарентност на јавнообвинителскиот систем и одржана експертска дебата, која имаше за цел да иницира дискусија за предизвиците со кои се соочува јавнообвинителскиот систем, како и потребата од евентуални измени во Законот за јавно обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители, со цел подобро и поефикасно функционирање на јавнообвинителските институции и запознавање и доближување на јавноста со нивниот делокруг на дејствување.

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА СИТЕ

Донатор на програма: Делегација на Европска Унија

Времетраење: 1 јануари 2022 – 31 декември 2022

Целта на програмата е подобрување на пристапот до правдата за сите, особено за ранливите и маргинализирани групи граѓани во Северна Македонија.

Во рамките на програмата се реализирани следниве специфични цели и тоа:

1. Да се олесни заштитата од дискриминација на маргинализираните групи на луѓе преку обезбедување бесплатна правна помош;
2. Подигање на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права;
3. Да се подобри пристапот до правдата на граѓаните преку следење на релевантните институции со помош на анализа базирана на докази;
4. Залагање за соодветно законодавство и политики во однос на заштитата на човековите права и владеењето на правото во согласност со правото на ЕУ и
5. Да се зајакнат капацитетите на ИЧП за следење и застапување на политиките и за постигнување поголема одговорност и компетентност.

Во јуни 2022 година беше објавено новото издание на списанието Правен дијалог бр.25 во кое се објавени 5 трудови кои обработуваат различни теми поврзани со човековите права и владеење на правото во Република Северна Македонија, но и пошироко.

На 15 јуни 2022 година Институтот за човекови права одржа фокус група со граѓани од подрачјето на Град Скопје на која граѓаните споделуваа проблеми во остварување на пристапот до правда и реализација на нивните права. Целта на фокус групата беше насочена кон секојдневните административни процедури со кои се соочуваат најголем број граѓани, пристапот до суд и друг државен орган, но и довербата во правосудството и можноста за остварување на бесплатна правна помош.

На 4 и 5 јули 2022 година се одржа работилница за подготовка на организациски план за застапување на Институтот за човекови права. Работилницата беше дел од проектот „Пристап до правда за сите“, поддржан од Европската Унија, и нејзината цел беше да се зајакнат капацитетите на Институтот за човекови права. На работилницата беа присутни членовите на извршната канцеларија на ИЧП, членовите на Управниот одбор и дел од членовите на ИЧП.

Во јули 2022 беа објавени препораки за унапредување на легислативата и практиката во однос на исполнување на обврската за еднаквост.

На ден 7 септември 2022 година, Институтот за човекови права одржа фокус група со граѓани од Полошкиот регион на која граѓаните споделуваа проблеми во остварување на пристапот до правда и реализација на нивните права. Целта на фокус групата беше насочена кон секојдневни административни постапки со кои се соочуваат најголем број на граѓани, достапноста и пристапноста на судовите, довербата во правосудниот систем како и бесплатната правна помош.

На 15 и 16 септември се одржа работилница за подготовка на организациски план за застапување на Институтот за човекови права. Оваа активност е продолжение на првата работилница на која беа идентификувани целите кои ќе бидат содржани во организацискиот план за застапување. Дополнително на работилницата се дискутираше и за Акцискиот план на Институтот за човекови права за 2023 година како и кои активности ќе бидат негов составен дел.

Во септември 2022 година беше објавен Првиот полугодишен извештај од следењето на работата на судскиот совет за периодот јануари - јуни 2022 година. Извештајот е поделен на три главни дела кои се однесуваат на транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет.

Во септември 2022 година беше објавена Анализата - Правниот субјективитет и остварување на правата од вонбрачната наспроти брачната заедница. Целта на оваа правна анализа е да го прикаже значењето и улогата на правниот субјективитет, којшто го имаат странките, конкретно во споровите за заштита на правата, законски предвидени за партнерите во вонбрачната заедница наспроти истите предвидени за брачната заедница и проблемите кои настануваат по престанување на заедницата или разводот на бракот, во светлото на законската регулатива за ова прашање и ставот на судската практика при разрешување на спорните односи.

Во септември 2022 година беше објавен курсот за Правото на приватност и поставен на ИЧП Академијата. Овој курс нуди можности за стекнување на знаења зашто е важно правото на приватност, кои се вашите права и како да се заштитите, националната и меѓународната правна рамка за правото на приватност.

Во ноември 2022 година беше промовиран Извештајот од анкетно истражување - Пристап до правда во Северна Македонија. Извештајот е подготвен врз основа на спроведена телефонска анкета за истражување на јавното мислење и перцепцијата на граѓаните за пристапот до правда во Република Северна Македонија. Целта на анкетата беше да се истражи свеста за и искуствата на граѓаните со пристапот до правда во земјата, како и проблеми и предизвици при остварување на права пред државните органи.

На 23 ноември 2022 година Институтот за човекови права одржа фокус група со граѓански организации на која претставници на ГО споделуваа искуства за проблемите со кои најчесто се соочуваат граѓаните при остварување на своите права во административни постапки. Целта на фокус групата беше насочена кон секојдневни административни постапки со кои се соочуваат најголем број на граѓани, пристапот до суд и друг државен орган, но и довербата во правосудството и можноста за остварување на бесплатна правна помош.

Во декември 2022 година беше објавено новото издание на Правен дијалог бр.26 во кое се содржани 8 трудови кои обработуваат различни теми поврзани со човековите права и владеење на правото.

Во декември 2022 година беше објавен нов курс на ИЧП Академијата насловен како: Курс за интегрирање еднаквост во програми и во политики. Овој курс е наменет за оние кои сакаат да се едуцираат на темата еднаквост и недискриминација во рамки на процесот на креирање политики.

Во декемеври 2022 година беше подготвен и објавен Извештај за пристап до правда за 2022 година. Извештајот содржи податоци за бесплатната правна помош, собрани податоци од одржани фокус -групи со граѓани и граѓански организации за пристап до правда, особено до административната правда со која најчесто се соочуваат граѓаните, како и податоци од спроведена анкета на репрезентативен примерок во однос на перцепцијата на граѓаните за пристапот до правда.

Во декември 2022 година беше објавен Вториот мониторинг извештај од следењето на работата на Судскиот совет за периодот јули - декември 2022 година.

Во декември 2022 година беше објавен на ИЧП Академијата Курсот за родова еднаквост. Овој курс е наменет за оние кои сакаат да се запознаат со основните поими поврзани со родово - базираното насилство, различните форми на родово-базирано насилство, зошто жените се поподложни на родово базирано насилство и кои групи на жени во општеството се поподложни на родово-базирано насилство.

Визуелизации:

Инфографик - Што е бесплатна правна помош

Видео – Пристап до правда во Република Северна Македонија

Инфографик: Пристап до правда во Република Северна Македонија

Инфографик: Заклучоци од спроведени фокус групи со граѓани на тема пристап до правда

УПРАВЕН ОДБОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Претседателка на Институтот за човекови права е Маргарита Цаца Николовска. Управниот одбор е составен од 7 членови и тоа:

Маргарита Цаца Николовска – Претседателка на ИЧП

Агим Мифтари – Потпретседател на ИЧП

Вера Коцо – член

Вања Михајлова - член

Игор Спировски - член

Момир Маричиќ - член

Филип Медарски - член

СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Советодавниот одбор на ИЧП се состои од 13 членови и тоа:

1. Маргарита Цаца Николовска
2. Агим Мифтари
3. Вера Коцо
4. Вања Михајлова
5. Мерсел Биљали
6. Милојка Калкашлиева
7. Константин Хаџи Лега
8. Ирена Цуцулоска
9. Саше Димовски
10. Македонско здружение на млади правници
11. Жарко Хаџи Зафиров
12. Татијана Темелкоска
13. Славица Димитриевска

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Извршната канцеларија на ИЧП во 2022 година беше составена од 5 члена кои успешно ги реализираа предвидените активности од сите проекти во постојана комуникација со Управниот одбор.

Во 2022 година, Институтот за човекови права ја продолжи традицијата на соработка, поддршка и усовршување преку програмата за практиканство. Програмата за практиканство на Институтот за човекови права има за цел да ги запознае младите луѓе со неговата работа низ едукација, обуки и истражувања од областа на заштита и унапредување на човековите права и владеење на правото. Практикантите се здобиваат со нови знаења и со можност одблиску да се запознаат со работата на Институтот за во иднина тие да може да се борат за унапредување и почитување на човековите права. Во 2022 година, во работата на ИЧП беа вклучени 3 практиканти кои дадоа активен придонес во секојдневните активности кои во наведениот период ги реализираше Институтот. Како дел од своите работни задачи, практикантите учествуваа во програмата за бесплатна правна помош, следеа седници на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители и спроведуваа истражувања на теми поврзани со човекови права.

